АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И РЕОСИГУРУВАЊЕ **МАКЕДОНИЈА**
Скопје - Виена Иншуренс Груп

# ОПШТИ УСЛОВИ
# ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ИМОТ
(пречистен текст)

Овие Услови за осигурување ги донесе Управниот одбор на Друштвото на 98-та редовна седница одржана на 10.2.2016 година со одлука бр.02-1297/3-1 со примена од 15.2.2016 година и измените и дополнувањата донесени на 209-тата редовна седница одржана на 11.7.2018 година со одлука бр.02-5534/6 со примена со денот на донесувањето.

Лектор Кристина Велевска

## ВОВЕДНИ ОДРЕДБИ

Овие Услови се применуваат за осигурување на имот, освен онаму каде што со посебните или дополнителните услови за осигурување на имоти не е посебно исклучена нивната примена. Термините употребени во овие Услови го имаат следното значење:

**Осигурувач** - Акционерско друштво за осигурување и реосигурување Македонија Скопје - Виена Иншуренс Груп.

**Договарач на осигурувања** - лице што со осигурувачот склучува договор за осигурување.

**Осигуреник** - лице на кое имотот му е осигурен и на кое му припаѓаат правата од осигурувањето.

**Премија за осигурување** - износ што договарачот на осигурувањето го плаќа по склучен договор за осигурување.

**Сума на осигурување** - износ на кој имотот, односно имотниот интерес е осигурен, освен ако од содржината на договорот за осигурување не произлегува нешто друго.

**Лист на покритие** - потврда што привремено ја заменува полисата.

**Полиса** - документ со кој се потврдува постоење на договорот за осигурување.

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ
### СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 1**

(1) Договор за осигурување на имотот може да склучи лице што има интерес да не настане осигурен случај затоа што би претрпело некоја материјална загуба.

(2) Договорот за осигурување е склучен кога договарачите ќе потпишат полиса на осигурување или лист на покритие (член 957 од Законот за облигациони односи).

Усната понуда направена до осигурувачот за склучување на договор за осигурување не ги обврзува ниту понудувачот ниту осигурувачот.

Писмената понуда направена на осигурувачот за склучување на договор за осигурување го обврзува понудувачот, ако тој не одредил пократок рок, за време од осум дена од денот кога понудата пристигнала кај осигурувачот.

Ако осигурувачот во тој рок не ја одбие понудата, која не отстапува од Условите според кои тој го врши предложеното осигурување, ќе се смета дека тој ја прифатил понудата и дека договорот е склучен. Во тој случај, договорот се смета за склучен во оној момент кога понудата пристигнала кај осигурувачот.

Ако осигурувачот во однос на примената понуда побара какво било дополнување или измена, како ден на приемот на понудата ќе се смета денот кога осигурувачот го примил бараното дополнување или измена, односно кога ќе биде известен за прифаќање на неговите услови.

(3) Одредбите од ставот 2 на овој член се применуваат и кога се врши измена на постојниот договор за осигурување.

### ПОЛИСА И ЛИСТ НА ПОКРИТИЕ

**Член 2**

(1) Во полисата за осигурување мора да биде наведено следното: договорните странки, осигурениот предмет, ризикот опфатен со осигурувањето, траењето на осигурувањето и периодот на покритието, сумата на осигурувањето или дека осигурувањето е неограничено, премијата или придонесот, датумот на издавањето на полисата и потписите на договорните страни.

(2) Полисата за осигурување може да биде привремено заменета со листа на покритие, во која се внесуваат битните елементи на договорот.

(3) Осигурувачот е должен да го предупреди договарачот на осигурувањето дека општите и посебните услови на осигурување се составен дел на договорот и да му го предаде нивниот текст, ако тие услови не се печатени на самата полиса.

(4) Извршувањето на обврските од ставот 3 на овој член мора да биде констатирано на полисата.

(5) Во случај на несогласување на некоја одредба од општите и од посебните услови и некоја одредба од полисата, ќе се примени одредбата од полисата, а во случај на несогласување на некоја печатена одредба на полисата и некоја нејзина ракописна одредба ќе се примени последната.

(6) Според спогодбата на договарачите, полисата може да гласи на определено лице по наредба или на доносител (член 958).

### СКЛУЧУВАЊЕ НА ДОГОВОР ВО ИМЕ НА ДРУГ БЕЗ ОВЛАСТУВАЊЕ

**Член 3**

(1) Тој што ќе склучи договор за осигурување од името на друг без негово овластување му одговара на осигурувачот за обврските од договорот сè додека оној од чие име е склучен договорот не го одобри.

(2) Заинтересираниот може да го одобри договорот и откако настанал осигурен случај.

(3) Ако одобрението е одбиено, договарачот на осигурувањето должи премија за периодот на осигурувањето во кој осигурувачот е известен за одбивање на одобрението.

(4) Не одговара за обврските од осигурувањето работоводителот што без налог го известил осигурувачот дека истапува без овластување од името и за сметка на друг (член 960).

### ОСИГУРУВАЊЕ НА ТУЃА СМЕТКА ИЛИ ЗА СМЕТКА НА ОНОЈ ЗА КОГО СЕ ОДНЕСУВА

**Член 4**

(1) Во случај на осигурување на туѓа сметка или за сметка на оној за кого се однесува, обврските за плаќање на премијата и другите обврски од договорот е должен да ги извршува договарачот на осигурувањето, но тој не може да ги врши правата од осигурувањето, дури и кога поседува полиса, без согласност од лицето чиј интерес е осигурен и на кое тие права му припаѓаат.

(2) Договарачот на осигурувањето не е должен да му ја предаде полисата на заинтересираното лице додека не му бидат надоместени премиите што ги исплатил на осигурувачот, како и трошоците за договорот.

(3) Договарачот на осигурувањето има право на првенствена наплата на овие побарувања од надоместот, како и право да бара нивна исплата непосредно од осигурувачот.

(4) Осигурувачот може на секој корисник на осигурувањето за туѓа сметка да му ги истакне сите приговори што врз основа на договорот ги има договарачот на осигурувањето (член 961).

### СУМА НА ОСИГУРУВАЊЕ И ОСИГУРЕНА ВРЕДНОСТ

**Член 5**

(1) Договор за осигурување може да се склучи на сума на осигурување како што следува:

1. на сума на осигурување што ќе ја одреди договарачот на осигурувањето;
2. на сума на осигурување што ќе ја одредат заеднички договарачот/осигуреникот и осигурувачот;
3. на вистинска вредност, но најмногу до сумата на осигурување што ја одредил договарачот на осигурувањето, коригирана за промената на цените во тековната година на осигурувањето до денот на настанувањето на секое нешто посебно (еден или повеќе осигурени предмети), односно за поодделно средство евидентирано во книговодството на основните средства и средствата на заедничка потрошувачка кај осигуреникот;
4. на пазарна вредност во согласност со Посебните услови за осигурување по кои е предвидено осигурување на одредени предмети на пазарна вредност.

### ДОПОЛНИТЕЛНО НАМАЛУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТА

**Член 6**

Ако осигурената вредност се намали за време на осигурувањето, секоја договорна страна има право на соодветно намалување на сумата на осигурувањето и на премијата, почнувајќи од денот кога своето барање за намалување го соопштила на другата странка (член 989).

## II НАДОСИГУРУВАЊЕ И ДОГОВОР СО ПОВЕЌЕ ОСИГУРУВАЧИ

### НАДОСИГУРУВАЊЕ

**Член 7**

(1) Ако при склучување на договорот една страна се послужила со измама и така договорила сума на осигурувањето поголема од вистинската вредност на осигурениот предмет, другата страна може да бара поништување на договорот.

(2) Ако договорената сума на осигурувањето е поголема од вредноста на осигурениот предмет, а притоа ниедна странка не постапила несовесно, договорот останува на сила, сумата на осигурувањето се намалува до износот на вистинската вредност на осигурениот предмет, а премиите се намалуваат сразмерно.

(3) Во двата случаи совесниот осигурувач ги задржува примените премии и има право на ненамалена премија за тековниот период (член 988).

### ПОВЕЌЕКРАТНО И ДВОЈНО ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 8**

(1) Ако некој предмет е осигурен кај двајца или кај повеќе осигурувачи од ист ризик, за ист интерес и за исто време, така што збирот на сумите на осигурувањето не ја надминува вредноста на тој предмет (повеќекратно осигурување), секој осигурувач одговара за извршување во целост на обврските настанати од договорот што го склучил тој.

(2) Ако, пак, збирот на сумите на осигурувањето ја преминува вредноста на осигурениот предмет (двојно осигурување), а притоа договарачот на осигурувањето не постапил несовесно, сите тие осигурувања се полноважни и секој осигурувач има право на договорената премија за периодот на осигурувањето во тек, а осигуреникот има право да бара од секој одделен осигурувач надомест според договорот склучен со него, но вкупно не повеќе од износот на штетата.

(3) Кога ќе настане осигурениот случај, договарачот на осигурувањето е должен да го извести за тоа секој осигурувач на истиот ризик и да му ги соопшти имињата и адресите на другите осигурувачи, како и сумите на осигурувањето на одделните договори склучени со нив.

(4) При исплатата на надоместот на осигуреникот, секој осигурувач поднесува дел од надоместот во сразмер во кој стои сумата на осигурувањето на која се обврзал тој, според вкупниот збир на сумите на осигурувањето, па осигурувачот што платил повеќе има право да бара од другите осигурувачи надомест на повеќе платеното.

(5) Ако некој договор е склучен без назначување на сумата на осигурувањето или со неограничено покритие, ќе се смета како договор склучен со највисока сума на осигурување.

(6) За делот на осигурувачот што не може да плати одговараат другите осигурувачи сразмерно со своите делови.

(7) Ако договарачот на осигурувањето склучил договор за осигурување со кој настанало двојно осигурување не знаејќи за порано склученото осигурување, тој може, без оглед на тоа дали поранешното осигурување го склучил тој или некој друг, во рок од еден месец откако дознал за тоа осигурување да бара соодветно намалување на сумата на осигурувањето и на премиите на подоцнежното осигурување, но осигурувачот ги задржува примените премии и има право на премија за тековниот период.

(8) Ако до двојното осигурување дошло поради намалување

на вредноста на осигурениот предмет за време на осигурувањето, договарачот на осигурувањето има право на соодветни намалувања на сумите на осигурувањето и на премиите, почнувајќи од денот кога своето барање за намалување му го соопштил на осигурувачот.

(9) Ако при настанувањето на двојно осигурување договарачот на осигурувањето постапил несовесно, секој осигурувач може да бара поништување на договорот, да ги задржи примените премии и да бара намалена премија за тековниот период (член 990).

## III ПОДОСИГУРУВАЊЕ

### Член 9

(1) Кога ќе се утврди дека на почетокот на односниот период на осигурувањето вредноста на осигурениот предмет била поголема од сумата на осигурувањето, износот на надоместокот што го должи осигурувачот се намалува сразмерно, освен ако не е договорено поинаку.

(2) Осигурувачот е должен да даде целосен надомест сè до износот на сумата на осигурувањето, ако е договорено дека односот меѓу вредноста на предметот и сумата на осигурувањето нема значење за определување на износот на надоместот (член 992).

## IV ТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ

### ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 10

Договор за осигурување може да се склучи:

1. со одреден рок на траење и
2. со неодреден рок на траење, кој се продолжува од година во година, доколку не се откаже некоја од странките во законски утврдените рокови.

### ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

### Член 11

(1) Настанот со оглед на кој се склучува осигурувањето (осигурениот случај) мора да биде иден, неизвесен и независен од исклучивата волја на договарачот (член 954, став 1).

Се смета дека во осигурувањето на предмети настанал осигурен случај во оној момент кога една од осигурените опасности ненадејно и неочекувано почнала да се остварува на осигурениот предмет и да го оштетува, односно да ја остварува штетата.

(2) Договорот за осигурување е ништовен ако во моментот на неговото склучување веќе настанал осигурен случај или тој бил во настанување или било извесно дека ќе настапи, или ако веќе тогаш престанала можноста тој да настане.

(3) Ако е договорено дека со осигурувањето ќе биде опфатен определен период што му претходи на склучувањето на договорот, договорот ќе биде ништовен само ако во моментот на неговото склучување на заинтересираната страна ѝ било познато дека веќе настанал осигурениот случај, односно дека веќе тогаш престанала можноста тој да настане (член 954, став 2 и 3).

### ПРАВНА СИТУАЦИЈА ПО НАСТАНУВАЊЕ НА ОСИГУРЕНИОТ СЛУЧАЈ

### Член 12

(1) Ако во текот на ист период на осигурувањето настанат повеќе осигурени случаи еден по друг, надоместот од осигурувањето за секој од нив се определува и се исплатува во целост со оглед на целата сума на осигурување, без нејзино намалување за износот на порано исплатените надомести во тој период (член 981, став 6).

(2) Во случај на уништување на предмети (тотална штета или кога предметите по договор за осигурување се сметаат за уништени), осигурувањето престанува за уништените предмети.

Тотална штета е штетата кога вредноста на поправката е еднаква или поголема од сумата на осигурување за секое нешто поединечно (основно средство).

### НАЧИН НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

### Член 13

(1) Сите известувања и пријави што договарачот на осигурувањето (осигуреникот) е должен да ги направи во смисла на одредбите од овие и од други услови на осигурување задолжително треба писмено да се потврдат ако се направени усно, преку телефон, телеграма или на кој било друг начин.

Како ден на приемот на известувањето, односно на пријавата, ќе се смета денот кога е примено писменото известување, односно пријавата од страна на осигурувачот.

(2) Одредбите што се однесуваат на содржината на договорот важат само ако писмено се склучени.

### ПРОМЕНА НА АДРЕСА - НАЗИВ (ФИРМА)

### Член 14

(1) Договарачот на осигурувањето е должен за промената на името или на адресата, односно за промената на називот - фирмата и седиштето (на деловни простории), да го извести осигурувачот во рок од 15 дена од денот на настанувањето на промената.

(2) Ако договарачот на осигурувањето не го извести осигурувачот за промените од претходниот став, за полноважност на известувањето доволно е осигурувачот да му испрати на осигуреникот препорачано писмо според последните податоци за адресата на станот, деловните простории, односно називот - фирмата, со кои располага.

Известувањето станува полноважно во денот во кој во нормални околности би вредело ако не дошло до промена од претходниот став.

### ИЗМЕНИ НА УСЛОВИТЕ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ И ТАРИФАТА НА ПРЕМИИ

### Член 15

(1) Ако осигурувачот ги измени Условите за осигурување или Тарифата на премии, должен е за тоа писмено или на друг погоден начин да го извести договарачот на осигурувањето најдоцна шеесет дена пред истекувањето на тековната година на осигурувањето.

(2) Договарачот на осигурувањето има право да го откаже договорот за осигурување во рок од шеесет дена од денот на приемот на известувањето. Во тој случај, договорот за осигурување престанува да важи со истекувањето на тековната година на осигурувањето.

(3) Ако договарачот на осигурувањето не го откаже договорот за осигурување во рокот од ставот 2 од овој член, договорот за осигурување на почетокот на наредниот период на осигурувањето се менува во сообразност со извршените измени во Условите за осигурување, односно Тарифата на премии.

### ПРИЈАВУВАЊЕ НА ОКОЛНОСТИ ЗНАЧАЈНИ ЗА ОЦЕНА НА РИЗИКОТ

### Член 16

(1) Договарачот на осигурувањето е должен при склучување на договорот да му ги пријави на осигурувачот сите околности што се значајни за оцена на ризикот, а што му се познати или не можеле да му останат непознати (член 963).

**Намерна неточна пријава или премолчување.**

(2) Ако договарачот на осигурувањето намерно направил неточна пријава или намерно премолчил некоја околност од таква природа што осигурувачот не би склучил договор да ја знаел вистинската состојба на работите, осигурувачот може да бара поништување на договорот.

Во случај на поништување на договорот од причините наве-

дени во ставот 2 на овој член, осигурувачот ги задржува наплатените премии и има право да бара исплата на премијата за периодот на осигурувањето во кој побарал поништување на договорот.

Правото на осигурувачот да бара поништување на договорот за осигурување престанува ако тој во рок од три месеци од денот на дознавањето за неточноста на пријавата или за премолчувањето не му изјави на договарачот на осигурувањето дека има намера да го користи тоа право (член 964, став 2 и 3).

**Ненамерна неточност или нецелосност на пријавата**

(3) Ако договарачот на осигурувањето направил неточна пријава, или пропуштил да го даде должното известување, а тоа не го сторил намерно, осигурувачот може, по свој избор, во рок од еден месец од дознавањето за неточноста или за нецелосноста на пријавата, да изјави дека го раскинува договорот или да предложи зголемување на премијата сразмерно со поголемиот ризик.

Договорот во тој случај престанува по истекувањето на 14 дена од денот кога осигурувачот својата изјава за раскинување му ја соопштил на договарачот на осигурувањето, а во случај на предлог на осигурувачот премијата да се зголеми, раскинувањето настапува според самиот закон ако договарачот на осигурувањето не го прифати предлогот во рок од 14 дена од денот кога го примил.

Во случај на раскинување, осигурувачот е должен во рок од 60 дена да го врати делот од премијата што отпаѓа на времето до крајот на периодот на осигурувањето.

Ако осигурениот случај настанал пред да е утврдена неточноста или нецелосноста на пријавата или потоа, но пред раскинувањето на договорот, односно пред постигнување спогодба за зголемување на премијата, надоместокот се намалува во сразмер меѓу стапката на платените премии и стапката на премиите што би требало да се платат според вистинскиот ризик (член 965).

**Проширување на примената на претходните ставови**

(4) Одредбите од претходните ставови за последиците од неточна пријава или премолчувањето на околностите значајни за оцена на ризикот се применуваат и во случаи на осигурувања склучени од името и за сметка на друг, или во корист на трет или за туѓа сметка, или за сметка на оној на кого се однесува, ако овие лица знаеле за неточноста на пријавата или за премолчувањето на околностите значајни за оцена на ризикот (член 966).

**Случаи во кои осигурувачот не може да се повикува на неточноста или нецелосноста на пријавата**

(5) Осигурувачот на кој во моментот на склучувањето на договорот му биле познати или не можеле да му останат непознати околностите што се од значење за оцена на ризикот, а кои договарачот на осигурувањето неточно ги пријавил или ги премолчил, не може да се повикува на неточноста на пријавата или на премолчувањето.

Истото важи во случај кога осигурувачот дознал за тие околности за време на осигурувањето, а не ги користел законските овластувања (член 997).

## ПЛАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈАТА

### Должност за плаќање и примање на премијата

### Член 17

(1) Договарачот на осигурувањето е должен да ја плати премијата на осигурувањето, но осигурувачот е должен да ја прими исплатата на премијата од секое лице што има правен интерес таа да биде платена (член 968, став 1).

(2) Премијата се плаќа во договорените рокови, а ако треба да се исплати одеднаш, се плаќа при склучувањето на договорот (член 968, став 2).

(3) На износот на премијата што се плаќа во договорени рокови може да се пресмета и да се наплати договорена камата.

(4) Ако договарачот на осигурувањето не ја плати премијата во договорениот рок, осигурувачот може, покрај главницата, да му пресмета и даночна камата.

(5) Место за плаќањето на премијата е местото во кое договарачот на осигурувањето има свое седиште, односно живеалиште, ако со договорот не е одредено некое друго место (член 968, став 3).

(6) Ако премијата се плаќа преку пошта, се смета дека договарачот на осигурувањето со уплата на должниот износ преку пошта ја исплатил својата обврска кон осигурувачот откако во банката на осигурувачот ќе пристигне паричната дознака.

(7) Ако премијата се плаќа со чековна уплатница на одредена сметка на осигурувачот, ќе се смета дека договарачот на осигурувањето го извршил плаќањето на премијата тогаш кога ќе го уплати должниот износ на чековната уплатница во корист на означената сметка на осигурувачот под услов паричните средства да пристигнат на сметката на осигурувачот во банката-депонент.

## ИЗВЕСТУВАЊЕ НА ОСИГУРУВАЧОТ ЗА ПРОМЕНИТЕ НА РИЗИКОТ

### Зголемување на ризикот
### Член 18

(1) Договарачот на осигурувањето е должен, кога е во прашање осигурување на имот, да го извести осигурувачот за секоја промена на околностите што може да биде од значење за оцена на ризикот.

(2) Тој е должен без одложување да го извести осигурувачот за зголемувањето на ризикот ако ризикот е зголемен со некоја негова постапка, а ако зголемувањето на ризикот се случило без негово учество, тој е должен да го извести во рок од 14 дена откога дознал за тоа.

(3) Ако зголемувањето на ризикот е толкаво што осигурувачот не би склучил договор да постоела таква состојба во моментот на неговото заклучување, тој може да го раскине договорот.

(4) Ако зголемувањето на ризикот е толкаво што осигурувачот би склучил договор само со поголема премија да постоела таква состојба во моментот на склучувањето на договорот, тој може на договарачот на осигурувањето да му предложи нова стапка на премијата.

(5) Ако договарачот на осигурувањето не се согласи со новата стапка на премијата во рок од 14 дена од приемот на предлогот на новата стапка, договорот престанува според самиот закон.

(6) Договорот останува во сила и осигурувачот веќе не може да ги користи овластувањата да му предложи на договарачот на осигурувањето нова стапка на премијата или да го раскине договорот ако не ги искористи тие овластувања во рок од еден месец откога на кој и да е начин дознал за зголемувањето на ризикот или ако уште предистекувањето на тој рок покаже на некој начин дека се согласува со продолжување на договорот (ако ја прими премијата, исплати надомест за осигурен случај што настанал по тоа зголемување и слично) (член 970).

**Кога осигурениот случај ќе настане во меѓувреме**

(7) Ако осигурениот случај настане пред да биде известен осигурувачот за зголемувањето на ризикот или откако е известен за зголемувањето на ризикот, но пред да го раскине договорот, или ако постигне спогодба со договарачот на осигурувањето за зголемување на премијата, надоместокот се намалува во сразмер меѓу платените премии и премиите што би требало да се платат според зголемениот ризик (член 971).

**Намалување на ризикот**

(8) Во случај кога по склучување на договорот за осигурување настанало намалување на ризикот, договарачот на осигурувањето има право да бара соодветно намалување на премијата, од денот кога за намалувањето го известил осигурувачот.

Ако осигурувачот не се согласи со намалувањето на премијата, договарачот на осигурувањето може да го раскине договорот (член 972).

## ОБВРСКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕТО НА ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ И СПАСУВАЊЕ, КАКО И ПРИДРЖУВАЊЕ КОН ОДРЕДБИТЕ ЗА ЗАШТИТНИ МЕРКИ

**Член 19**

(1) Осигуреникот е должен да ги преземе пропишаните, договорените и сите други мерки потребни за да се спречи настапувањето на осигурениот случај, а ако осигурениот случај настапи, е должен да преземе сè што е во негова моќ да се ограничат неговите штетни последици.

(2) Осигурувачот е должен да ги надомести трошоците, загубите, како и другите штети причинети со разумен обид да се отстрани непосредната опасност од настапувањето на осигурениот случај, како и со обид да се ограничат неговите штетни последици, па и тогаш кога тие обиди останале без успех.

(3) Осигурувачот е должен да го даде овој надомест дури и ако тој заедно со надоместот на штетата од осигурениот случај ја надминува сумата на осигурувањето.

(4) Ако осигуреникот не ја исполни својата обврска за спречување на осигурениот случај или обврската за спасување, а за тоа нема оправдување, обврската на осигурувачот се намалува за онолку за колку што настанала поголема штета поради тоа неисполнување (член 982, став 1, 2, 3 и 4).

(5) Ако е одреден или договорен рокот до кога треба да се спроведуваат мерките за спречување на остварувањето или на зголемувањето на опасноста (превентивни мерки), надоместокот на осигуреникот се исплатува и тогаш кога осигурениот случај настанал до истекувањето на тој рок и ако штетата е во причинска врска со пропишаните, односно договорените мерки.

(6) Осигурувачот има право да врши контрола на договорените и на други одредби за заштитни мерки од ставот 1 на овој член.

## ОБВРСКА НА ОСИГУРЕНИКОТ КОГА ЌЕ НАСТАНЕ ОСИГУРЕН СЛУЧАЈ

**Член 20**

(1) Кога ќе настане осигурен случај врз основа на кој се бара надоместок од осигурувањето, осигуреникот е должен да постапи на овој начин:

1. веднаш да преземе сè што е во негова моќ за да ги ограничи неговите штетни последици и притоа да се придржува кон упатствата што му ги дал осигурувачот или неговиот претставник;

2. да го извести осигурувачот за настапување на осигурениот случај најдоцна во рок од три дена откога дознал за тоа (член 973, став 1);

3. што порано, а најдоцна во рок од три дена, писмено да ја потврди пријавата направена усно, телефонски, по телефакс, по електронски пат или на кој било друг сличен начин;

4. во сите случаи предвидени со прописи, а особено кога штетата е предизвикана од пожар, експлозија, кражба, провална кражба, разбојништво и сообраќајна незгода, да се пријави на надлежниот орган за внатрешни работи и да се наведе кои предмети се уништени, односно оштетени или исчезнати при настанувањето на осигурениот случај;

5. веднаш по настанувањето на осигурениот случај, ако е тоа можно, односно кога условите го дозволуваат тоа, да се поднесе на осигурувачот попис на уништените, односно оштетените предмети со приближно назначување на нивната вредност; и

6. до доаѓањето на претставникот на осигурувачот на самото место да не се менува состојбата на оштетените, односно уништените предмети, освен ако промената не е потребна во јавен интерес или заради намалување, односно заради продолжување со нормално производство.

Ако промената се изврши заради продолжување со нормално производство, осигуреникот е должен за тоа веднаш да го извести осигурувачот преку телефон, по електронски пат или на кој било друг начин.

(2) Осигуреникот е должен, без оглед на рокот во кој ја поднел пријавата за штетата, на претставникот на осигурувачот да му ги даде сите податоци и други докази потребни за утврдување на причината, обемот и на висината на штетата. Осигурувачот исто така може да бара осигуреникот да прибави и други докази, ако тоа е неопходно и оправдано.

(3) Ако осигуреникот не ја изврши својата обврска за известување на осигурувачот од ставот 1, точка 2 од овој член во одредено време, должен е да му ја надомести на осигурувачот штетата што би ја имал овој поради тоа (член 973, став 2).

## ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ОД ОСИГУРУВАЊЕ

**Член 21**

(1) Осигурувачот има обврска да го исплати надоместот од осигурувањето за штетата предизвикана со настанување на осигурениот случај по одредбите на овие Општи услови и по условите за оној вид на осигурување според кој е склучен договорот за осигурувањето.

(2) Износот на надоместот не може да биде поголем од штетата што осигуреникот ја претрпел со настанувањето на осигурениот случај (член 981, став 2).

## УТВРДУВАЊЕ И ПРОЦЕНА НА ШТЕТА

**Член 22**

(1) Кога ќе ја прими пријавата за настанат осигурен случај, осигурувачот е должен веднаш, а најдоцна во рок од три дена, да пристапи кон утврдување и процена на штетата.

Осигуреникот може и пред истекувањето на рокот од три дена да почне да ја отстранува штетата ако тоа е потребно заради продолжување со нормално производство во согласност со членот 22, став 1, точка 6 од овие Услови.

(2) Ако со договорот за осигурување вредноста на осигурениот предмет е утврдена спогодбено, надоместот се определува според таа вредност, освен ако осигурувачот не докаже дека договорената вредност е значително поголема од вистинската вредност, а за таа разлика не постои оправдана причина (како, на пример, осигурување на употребуван предмет на вредноста на таков нов предмет или осигурување на субјективната вредност) (член 981, став 7).

## СПАСЕНИ ДЕЛОВИ

**Член 23**

(1) Ако не е договорено поинаку, спасените делови од уништените, односно оштетените предмети, остануваат кај осигуреникот. Осигуреникот нема право, по настанувањето на осигурениот случај, да му го препушти на осигурувачот уништениот, односно оштетениот осигурен предмет и да бара од него исплата на целата сума на осигурувањето, односно на полната вредност.

(2) Вредноста на спасените, уништените, односно оштетените предмети или нивните делови се пресметува според пазарната вредност во местото на штетата според положбата на денот на настанувањето на осигурениот случај.

## ОБВРСКИ НА ОСИГУРУВАЧОТ

**Член 24**

(1) Кога ќе настане осигурен случај, осигурувачот е должен да го исплати надоместот или сумата определена со договорот во договорениот рок, кој не може да биде подолг од 14 дена, ако се смета од моментот кога осигурувачот добил известување дека настанал осигурениот случај.

(2) Ако за утврдување на постоењето на обврската на осигурувачот и на нејзиниот износ е потребно извесно време, овој рок почнува да тече од денот кога е утврдено постоењето на неговата обврска и нејзиниот износ.

(3) Ако износот на обврската на осигурувачот не биде утврден во рокот определен во ставот 1 на овој член, осигурувачот е должен на барање од овластеното лице да го исплати износот на неспорниот дел од својата обврска на име аванс (член 975).

(4) Исплатата на надоместок на носителите на залогот и други права:

1. По настанувањето на осигурениот случај, заложните права и другите права што порано постоеле на осигурениот предмет имаат за предмет долговен надоместок како во случај на осигурување на сопствени предмети така и во случај на осигурување на туѓи предмети, поради обврска за нивното чување и враќање, па осигурувачот не може да исплати надоместок на осигуреникот без согласност на носителот на тие права.

2. Овие лица може да бараат непосредно од осигурувачот, во границите на сумата на осигурувањето и според законскиот ред, да им ги исплати нивните побарувања.

3. Меѓутоа, ако во моментот на исплатата осигурувачот не знаел ниту можел да знае за тие права, извршената исплата на надоместокот на осигуреникот останува правосилна.

## ВРАЌАЊЕ НА ПРЕМИЈА

### Член 25

(1) Ако осигурениот предмет биде уништен пред почетокот на обврската на осигурувачот, на договарачот на осигурувањето му се враќа износот на платената премија.

Ако осигурениот предмет биде уништен по отпочнувањето на обврската на осигурувачот од ризиците што не се опфатени со осигурувањето, на договарачот на осигурувањето му се враќа износот на премијата за неискористеното времетраење на осигурувањето.

(2) Ако осигурениот предмет биде уништен по отпочнувањето на обврската на осигурувачот од ризиците опфатени со осигурувањето, на осигурувачот му припаѓа целиот износ на премијата за тековната година на осигурувањето, односно за договореното времетраење на осигурувањето.

(3) Со престанување на договорот за осигурување во сите други случаи пред истекувањето на времето за кое премијата е платена, премијата му припаѓа на осигурувачот само до завршувањето на денот до кога тој имал обврска, ако не е договорено поинаку.

## ПОЧЕТОК НА ДЕЈСТВО НА ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 26

(1) Ако не е договорено поинаку, договорот за осигурување произведува свое дејство почнувајки од дваесет и четвртиот час на денот што е означен во полисата како ден на почетокот на траењето на осигурувањето, па сè до завршувањето на последниот ден на рокот за кој е договорено осигурувањето (член 978, став 1).

(2) Ако рокот на траење на осигурувањето не е одреден со договор, секоја страна може да го раскине договорот со денот на истекувањето на тековната година на осигурувањето, известувајќи ја по писмен пат другата странка најдоцна три месеци пред истекот на тековната година на осигурување (член 978, став 2).

Во тој случај, договорот за осигурување престанува со истекувањето на 24 часа на последниот ден од тековната година на осигурувањето.

(3) Ако осигурувањето е склучено со рок подолг од пет години, секоја страна може по истекувањето на овој рок при отказен рок од шест месеци писмено да ѝ изјави на другата страна дека го раскинува договорот (член 978, став 3).

(4) Со договорот не може да се исклучи правото на секоја страна да го раскине договорот како што е погоре изложено (член 978, став 4).

(5) Ако договарачот на осигурувањето предвреме го раскине договорот склучен на рок подолг од 5 години, должен е да го плати износот на вкупниот одобрен попуст за времетраењето на осигурувањето за сите претходни години.

## ПОЧЕТОК И ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ОБВРСКАТА НА ОСИГУРУВАЧОТ

### Последици од неисплата на премија

### Член 27

(1) Обврската на осигурувачот од осигурувањето почнува ако не се договори поинаку, односно доколку со условите за одделни видови осигурувања не е одредено поинаку, по истекување на 24 часа од денот што во полисата е назначен како почеток на осигурувањето, ако од тој ден е платена премијата, а инаку по истекување на 24 часа од денот на уплатата на премијата.

(2) Ако е договорено премијата да се плаќа по склучувањето на договорот, обврската на осигурувачот да го исплати надоместот од осигурувањето почнува од денот определен во договорот како ден за почеток на осигурувањето (член 969, став 2).

(3) Може да се договори обврската на осигурувачот да почнува од моментот на склучување на договорот за осигурување.

(4) Ако договарачот на осигурувањето премијата што стигнала по склучување на договорот не ја плати до стасаноста, ниту тоа го стори некое друго заинтересирано лице, договорот за осигурување престанува според самиот закон по истекувањето на рокот од 30 дена откога на договарачот на осигурувањето му е врачено препорачано писмо од осигурувачот со известување за стасаноста на премијата, но со тоа што тој рок не може да истече пред да поминат триесет дена од стасаноста на премијата.

(5) Во секој случај, договорот за осигурување престанува според самиот закон ако премијата не биде платена во рок од една година од денот на стасаност (член 969, став 3 и 4).

(6) Обврската на осигурувачот престанува:

1. кај договор за осигурување со одреден рок на траење со истекување на 24-тиот час од денот што во полисата е означен како ден на истекување на осигурувањето, ако не е договорено поинаку, односно ако во Условите или во одделните услови за осигурување за одделни видови осигурувања не е одредено поинаку;

2. кај договор за осигурување со неодреден рок на траење, ако во полисата е означен само почетокот на осигурувањето, со примена на ставовите 4 и 5 на овој член, се продолжува од година во година, освен ако некоја од договорните странки најдоцна три месеци пред истекувањето на тековната година од осигурувањето писмено не ја извести другата странка дека не сака да го продолжи договорот за осигурување. Во тој случај, договорот за осигурување престанува со истекувањето на 24 часа на последниот ден од тековната година на осигурувањето.

## ШТЕТИ ПОКРИЕНИ СО ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 28

Осигурувачот е должен да ги надомести штетите настанати случајно или по вина на договарачот на осигурувањето, на осигуреникот или на корисникот на осигурувањето, освен ако во поглед на определена штета оваа негова обврска изречно не е исклучена со договорот за осигурување.

Осигурувачот не одговара за штетата што лицата наведени во ставот 1 од овој член ја причиниле намерно, па ништовна е секоја одредба од полисата што би ја предвидела неговата одговорност и во тој случај.

Доколку се остварил осигурениот случај, осигурувачот е должен да ја надомести секоја штета причинета од страна на некое лице за чии постапки осигуреникот одговара по која и да е основа, без оглед на тоа дали е причинета со невнимание или намерно (член 985).

## ШТЕТИ ШТО НЕ СЕ ПОКРИЕНИ СО ОСИГУРУВАЊЕТО

### Член 29

Осигурувачот не е должен да надомести штета ако таа е

предизвикана од:

1. војна, инвазија, дејства на странски непријатели, непријателски или воени операции (без оглед дали е објавена војна или не), граѓанска војна, бунт, револуција, востание;

2. биолошка или хемиска контаминација (контаминација според овие Услови значи труење со хемиски и/или биолошки материи);

3. проектили, бомби, гранати, мини, молотови коктели, други експлозивни средства;

4. кој било вид на директно или индиректно дејство на тероризам без оглед на која било друга причина или настан што истовремено доведува до штета.

Под тероризам според овие Услови се подразбира употреба на сила или на насилство и/или закана со нив на лице или на група лица поврзани со политички, религиозни, идеолошки или етнички цели и причини, вклучувајќи и намера да се влијае врз кои било власти, како и врз јавноста, под дејство на страв;

5. нуклеарни дејства - нуклеарни дејства претставуваат загуба, штета, неспособност или одговорност директно или индиректно настанати од јонизирачка радијација или од контаминација од радиоактивности, сите видови нуклеарни горива и нуклеарен отпад од запалувањето на горивата;

6. а) загуба или оштетување на податоци или софтвер, поточно каква било штетна промена на податоци, софтвер, или компјутерски програми предизвикана од бришење, корупција или деформација на оригиналната структура што директно е предизвикана од сајбер инцидент како и која било штета од прекин на работа што е резултат на тоа.

б) загуба или оштетување што резултираат од оштетување во функционирањето, достапноста, опсегот на употреба или достапност на податоци, софтверски или компјутерски програми директно предизвикани од сајбер инцидент и кои било штети од прекин на работењето што се резултат на тоа.

Но со осигурување е покриено оштетувањето на осигурениот имот (што е предмет на осигурување) доколку е предизвикано од осигурена опасност, вклучително и прекин на работа што произлегува од тоа, која е директно предизвикана од сајбер инцидент. Притоа, секоја загуба, оштета, бришење, корупција или деформација на податоци, софтвер или компјутерски програми што директно се предизвикани од сајбер инцидент нема да се обесштетуваат.

Под поимот "сајбер инцидент" се подразбира:

1. неовластени и злонамерни дела без оглед на местото и времето, или заканите или измамите што произлегуваат од нив;

2. малициозен софтвер или сличен механизам;

3. грешка во програмирање или во оперирањето без разлика дали е направена од осигуреникот или друго лице или лица;

4. ненамерен или непланиран (целосен или делумен) прекин на компјутерскиот систем на осигуреникот што не е директно предизвикан од физичко оштетување или штета;

што влијае на пристапот, процесирањето, употребата на или оперирањето на кој било компјутерски систем или податоци, софтверски и/или компјутерски програми од страна на едно лице или група лица.

Со овие Услови се исклучуваат загуба, штета, цена или трошок настанат од, како последица од или во врска со секаков вид директно или индиректно дејство преземено за контрола, превенција, задушување или што на кој било начин се однесува за точките 1 и/или 2 наведени погоре во овој член.

## ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ ВРЗ ПРИБАВУВАЧОТ НА ОСИГУРЕН ПРЕДМЕТ

### Член 30

(1) Во случај на отуѓување на осигурен предмет, како и на предмет во врска со чија употреба е склучено осигурување од одговорност, правата и обврските на договарачот на осигурувањето преминуваат, според самиот закон, врз прибавувачот, освен ако не е договорено поинаку.

(2) Ако е отуѓен само еден дел од осигурените предмети, кои во поглед на осигурувањето не сочинуваат посебна целина, договорот за осигурување престанува според самиот закон во поглед на отуѓените предмети.

(3) Во случај кога поради отуѓување на предмет ќе се зголеми или ќе се намали веројатноста за настанување на осигурен случај, се применуваат општите одредби за зголемувањето или за намалувањето на ризикот.

(4) Договарачот на осигурувањето што нема да го извести осигурувачот дека осигурениот предмет е отуѓен останува со обврска за плаќање на премиите што стасуваат и по денот на отуѓувањето.

(5) Осигурувачот и прибавувачот на осигурениот предмет може да се откажат од осигурувањето со отказен рок од 15 дена, со тоа што се должни отказот да го поднесат најдоцна во рок од 30 дена од дознавањето за отуѓувањето (член 993, став 1 до 5).

Ако договорот во смисла на претходниот став (алинеја) се откаже, договорот за осигурување престанува по истекувањето на 24-тиот час од денот кога истеку отказниот рок. Ако отказот се испраќа преку пошта препорачано, како ден на отказот се смета денот кога се предава во пошта.

(6) Договорот за осигурување не може да се раскине ако полисата на осигурувањето е издадена на доносител или по наредба (член 993, став 6).

## ПРЕМИНУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ОСИГУРЕНИКОТ КОН ОДГОВОРНОТО ЛИЦЕ ВРЗ ОСИГУРУВАЧОТ (СУБРОГАЦИЈА)

### Член 31

(1) Со исплата на надоместот од осигурувањето преминуваат врз осигурувачот, според самиот закон, до висината на исплатениот надомест, сите права на осигуреникот кон лицето што по која и да е основа е одговорно за штетата.

(2) Ако по вина на осигуреникот е оневозможено ова преминување на правата врз осигурувачот, во целост или делумно, осигурувачот се ослободува во соодветна мера од својата обврска кон осигуреникот.

(3) Преминувањето на правата од осигуреникот врз осигурувачот не може да биде на штета на осигуреникот, па ако надоместот што осигуреникот го добил од осигурувачот од каква и да е причина е понизок од штетата што ја претрпел, осигуреникот има право од средствата на одговорното лице да му се исплати остатокот на надоместот пред да се исплати побарувањето на осигурувачот врз основа на правата што преминале врз него.

(4) По исклучок од правилото за преминување на правата на осигуреникот врз осигурувачот, овие права не преминуваат врз осигурувачот ако штетата ја причинило лице во сродство во прва линија со осигуреникот или лице за чии постапки осигуреникот одговара, или што живее со него во исто домаќинство или лице што е работник на осигуреникот, освен ако тие лица штетата не ја причиниле намерно.

(5) Ако некое од лицата спомената во ставот 4 на овој член било осигурено од одговорност, осигурувачот може да го бара од неговиот осигурувач надоместот на износот што му го исплатил на осигуреникот (член 995).

## ЗАСТАРУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊА

### Член 32

(1) Побарувањата на договарачот на осигурување, односно на трето лице од договорот за осигурување склучен според овие Услови, застаруваат за три години, ако се смета од првиот ден по истекувањето на календарската година во која настанало побарувањето.

(2) Ако заинтересираното лице докаже дека до денот определен во ставот 1 на овој член не знаело дека настанал осигурениот случај, застарувањето почнува од денот кога дознало за тоа, со тоа што во секој случај побарувањето застарува за пет години од денот определен во ставот 1 на овој член.

(3) Побарувањата на осигурувачот од договорот за осигурување застаруваат за три години.

(4) Кога во случај на осигурување од одговорноста на трет оштетеното лице бара надомест од осигуреникот или ако го добие од него, застарувањето на барањето на осигуреникот кон осигурувачот почнува од денот кога оштетеното лице барало по судски пат надомест од осигуреникот, односно кога осигуреникот го обесштетил.

(5) Непосредното барање на трето оштетено лице кон осигурувачот застарува за истото време за кое застарува неговото барање кон осигуреникот одговорен за штетата.

(6) Застарувањето на побарување што му припаѓа на осигурувачот кон третото лице одговорно за настапување на осигурениот случај почнува да тече тогаш кога почнува и застарувањето на побарувањето на осигуреникот кон тоа лице и се навршува во истиот рок (член 369).

## ПРОЦЕС НА АРБИТРАЖА ВО СЛУЧАЈ НА СПОР

### Член 33

Доколку по кој било дел од овој договор (полисата за осигурување) дојде до спор, двете страни (осигуреникот и осигурувачот) ќе започнат меѓусебни преговори во траење од најмногу еден месец. Доколку во рокот од еден месец преговорите не завршат со договор за настанатиот спор, меѓусебните преговори ќе продолжат и во наредниот месец, ако за тоа се согласни и двете страни.

По исцрпувањето на рокот за меѓусебни преговори, двете страни пристапуваат кон арбитража. Арбитражата е водена од арбитражна комисија. Арбитражната комисија се состои од тројца членови, од кои по еден делегира секоја од двете страни во рок од 7 (седум) дена по исцрпувањето на рокот за преговори. Членовите на арбитражната комисија, делегирани од двете страни, именуваат претседател на арбитражната комисија во рок од 15 (петнаесет) дена. Претседателот треба да биде стручен за областа за која се води арбитражата, со најмалку 4 (четири) години работно искуство во таа област. Доколку двете страни не се договорат за името на претседателот на арбитражната комисија, тој ќе биде именуван од страна на една од следните институции: факултет што ја покрива областа на спорот, друштво на проценители или Стопанската комора на РМ.

Ниту една страна нема право да отповика свој член од арбитражната комисија до завршувањето на нејзината работа, која не може да трае подолго од 3 (три) месеци од денот на именувањето на нејзиниот претседател. По исклучок од претходниот рок, арбитражната комисија го продолжува своето работење само со писмена согласност на двете страни.

Арбитражната комисија своите одлуки ги носи со мнозинство гласови. Двете страни се обврзуваат дека ќе ги почитуваат одлуките на арбитражната комисија како конечни и неотповикливи. До завршувањето на меѓусебните преговори, евентуално и на работата на арбитражната комисија, и двете страни се откажуваат од поведување судски спорови по предметот на арбитражата, како и од пресметка на камати по основа на спорните побарувања.

Трошоците за арбитражата ќе ги делат и двете страни подеднакво.

Доколку арбитражната комисија не успее да го реши спорот, тој ќе се решава пред месно надлежниот Основен суд Скопје 2, Скопје.

## ВАЖНОСТ НА ОПШТИТЕ УСЛОВИ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ ИМОТ

### Член 34

Овие Општи услови се применуваат за осигурување имот ако нивните одредби не се содржани во условите, во посебните и во дополнителните услови за одредени видови осигурување на имоти и доколку не се во спротивност со тие услови, посебни и дополнителни услови.

## ПРАВО НА ЖАЛБА

### Член 35

Договарачот, осигуреникот или корисникот на осигурувањето може да достават жалба во однос на осигурувачот до Агенцијата за супервизија на осигурувањето, како орган надлежен за супервизија на друштвата за осигурување.

## НАДЛЕЖНОСТ ВО СЛУЧАЈ НА СПОР

### Член 36

Во случај на спор меѓу договарачот на осигурувањето, осигуреникот и осигурувачот, надлежен е Основниот суд Скопје 2, Скопје.

Претседател на Управен одбор

Бошко Андов